

# ДЕКАДА НА ГЛАСНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

ДЕСЕТГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ДЕСЕТГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ПРОГРАМИТЕ, АКТИВНОСТИТЕ И ФИНАНСИСКОТО
РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА
НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ РАБОТНИЦИ
СТАР-СТАР Скопје за периодот од 2010 до 2020 година
мај 2021

# ДЕКАДА НА ГЛАСНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛН
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

# ИМПРЕСУМ

**Издавач:**
Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

**За издавачот:**
Борче Божинов, Претседател на здружението

**Уредувачки одбор:**
Борче Божинов, Главен уредник
Ненад Мицов, Заменик уредник
Лила Милиќ, Соработничка
Оливер Белчовски, Соработник

**Лектура и превод:**
Бојан Илковски

**Графички дизајн:**
Игор Стојановски

**Издание**:
I - година 2021, мај

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

061.2:176.5-051(497.711)”2010/2020”

Декада на гласност, транспарентност и отчетност на сексуалните работници: Десетгодишен извештај за програмите, активностите и финансиското работење на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје за периодот од 2010 до 2020 година / [уредувачки одбор Борче Божинов ... [и др.] ; превод Бојан Илковски]. - Скопје : Здружение за поддршка на маргинализирани работници Стар-стар, 2021. - 143 стр. : илустр. ; 25 cм

Текст на мак. и англ. јазик. - Библиографија: стр. 45 ; 89. - Содржи и:

A decade of sex workers’ raised voices, transparency and accountability: A ten-year report on the programs, activities and the financial work of the Association for Support of Marginalized Workers STAR-STAR Skopje for the period between 2010 and 2020

ISBN 978-608-66532-4-8

а) Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР (Скопје) -- Активности -- Сексуални работници -- 2010-2020

COBISS.MK-ID 54288645

# СОДРЖИНА

**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ....... 7**
ПРИЗНАНИЈА ....... 8
ПОСЕБНИ ПРИЗНАНИЈА ....... 8
**ИСТОРИЈАТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ....... 10**
ВИЗИЈА И МИСИЈА ....... 12
ЧЛЕНСТВА И ПАРТНЕРСТВА ....... 13
**КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ....... 14**
КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ВО МИСИЈАТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ....... 15
КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ВО СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ ....... 16
**РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЦЕЛИ ....... 20**
СТРАТЕШКА НАСОКА I. Застапување и лобирање за подобрување на социјалната средина и човековите права на сексуалните работници ....... 21
СТРАТЕШКА НАСОКА II. Сексуално и репродуктивно здравје и права ....... 35
СТРАТЕШКА НАСОКА III. Одржлив развој и градење капацитети ....... 45
**СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ....... 54**
**ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ ....... 58**
**ОРГАНОГРАМ ....... 60**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ....... 62**
ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2010 ДО 2020 ГОДИНА ....... 63
БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2010 ДО 2020 ГОДИНА ....... 66
РАСТ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2010 ДО 2020 ГОДИНА ....... 67
**ИДНИ ОПРЕДЕЛБИ И ЗАЛОЖБИ ....... 70**



# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ



**ПРЕТСЕДАТЕЛ на СОБРАНИЕ**
Борче М. Божинов



**ПРЕТСЕДАТЕЛКА на УПРАВЕН ОДБОР**
Лила Милиќ

Почитувани членови, соборки и соборци,
Почитувани колеги, партнери, поддржувачи и соработници,

За нас како граѓанско здружение чии носители кон стремежот за отворено, демократко и толерантно општество се сексуалните работници, изминатите десет години беа пионерски и победнички.

Се менуваше политичката клима, се менуваа политичките структури, некои не прифаќаа, други не отуѓуваа, но ние останавме посветен и независен двигател на локомотивата која низ годините влечеше вагони полни со животи исклучени од системите на социјалната држава.

И тогаш, кога овие животи се сопнуваа на институционални пречки, а одговорните за наше правно признавање одбиваа да не регистрираат и да не препознаат како легитимно здружени граѓани, ние од Вас - нашите сојузници, добивавме „ветер в грб“, а нашите возови добиваа нови и засилени брзини кои веќе никој не можеше да ги запре.

Со високо развеано знаме на локомотивата од тој воз, денес Ви благодариме за тоа.

За „ветерот в грб“ чувствуваме обврска да Ви изразиме благодарност преку нашата целосна отчетност за ефектите од нашето колективно делување, да Ве информираме каде успеавме, но исто така и за предизвиците кои ни стоеа на патот.

Ние од СТАР, едногласно се договоривме.

За нас, годините од 2010 до 2020 ќе претставуваат Декада на гласност, транспарентност и отчетност на сексуалните работници во Република Северна Македонија.



# ПРИЗНАНИЈА

Во име на Претседателите на Собранието и Управниот одбор на нашето Здружение, дозволете ни да ги изразиме нашата благодарност и признание кон сите наши колеги и поблиски соработници, кои и во најголемата движечка сила на патот полн со остри кривини, успеваа да го задржат нашиот воз стабилен на шините, возејќи од исток кон запад, од север кон југ, подобрувајќи ги животите на сексуалните работници ширум земјата, во рамки на своите лични и професионални можности и заложби.

Овој Извештај и информациите во него за нашето колективно граѓанско делување, беа внимателно прибрани и обработени од страна на извонреден тим соработници. Изразуваме благодарност до членовите на Уредувачкиот одбор и надворешниот експерт кои дадоа значаен придонес во развојот на овој Извештај.

Сексуалните работници за нас се главниот пионерски двигател во нашата декадна борба за признавање на нашите права. Им благодариме на членовите на нашата заедница, кои храбро, непоколебливо, пионерски и истрајно, чекореа со СТАР во неговиот раст и развој, придонесоа кон зголемување на видливоста и учествуваа во градењето еднакво општество за сите.

# ПОСЕБНИ ПРИЗНАНИЈА

## ЛАУРА ФЕР

Возејќи мирно и сигурно, во февруари 2016 година, нашиот воз за миг застана. А ние, патниците во борбата кон општествени промени, ненавикнати да губиме, изгубивме. Се симна од возот водачот на тоа патување, без притоа да ни покаже каде е алармот кој треба да го вклучиме во неволја. Се симна Лаура Фер.
Истакната активистка за правата на сексуалните работници и трансродовите лица, иницијаторка и ко-основачка на СТАР.
Драга Лаура, овој воз повеќе ништо нема да го запре. Ние, основачите на СТАР, ја продолжуваме мисијата која ти ја започна и ти оддаваме признание и наклон за сплотеноста и единството кои ги создаде помеѓу нашата заедница во Македонија.

## МАЈА ЛАЗОСКА

Пет години подоцна, во март 2021 година, кога мислевме дека нашиот борбен дух повеќе ништо нема да го скрши, нашиот воз повторно застана. Сосема прерано и неочекувано се симна од возот нашата драга, Маја Лазоска.
Ко-основачка и Заменик претседателка на СТАР.
Драга Маја, твојата бунтовност никогаш не беше без причина. Ти оддаваме признание и наклон за храброста да го кренеш гласот прва, тогаш кога сите ние се чувствувавме обесхрабрено. Сеќавањата на твоите јавни излагања за правата на нашата заедница ќе останат да сведочат за твојата големина.

## ИВИЦА ЦЕКОВСКИ

Можеби не во возот, но секогаш блиску до патот и каузата за која се боревме, во март 2020 година забележавме уште едно тажно разделување со нашиот другар, пријател и соработник, Ивица Цековски.
Драг Ивица, ти оддаваме признание и наклон за заложбите и придонесот за унапредување на нашите права. Продолжуваме да сведочиме за твоите заложби за кои ти оддаваат почит организациите во коишто ја градеше или ја даваше твојата експертиза.

Почитувани читатели, Ви го претставуваме десетгодишниот ПРОГРАМСКИ и ФИНАНСИСКИ извештај за периодот од 2010 до 2020 година на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје.

Сметавме дека е неопходно да го напишеме и објавиме овој Извештај затоа што за нас незамисливи се затвореноста и неотченоста.

Со почит,

Борче М. Божинов

Лила Милиќ






# ИСТОРИЈАТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во 2020 година, Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје одбележа јубилеј - 10 години од своето основање.

Здружението основано во 2010 година, претставува прв облик на самоорганизирање на заедницата на сексуални работници на Балканот и е единствено од ваков тип во нашата земја, чија цел е да ги застапува и промовира правата на сексуалните работници во социјалниот, здравствениот и правниот систем на државата.

Денес, СТАР-СТАР е дел од граѓанскиот сектор промовирајќи ги своите аспирации, придонеси и потреби, стремејќи се кон отворено општество кое знае да ги препознае, прифати и почитува различностите.

Формирано и управувано од и за сексуалните работници, развојот на програмите и активностите на Здружението е одговор на проблемите и потребите на заедницата која ја претставуваме.

Здружението има управна и извршна структура.

Со управните структури на Здружението (Претседателство, Собрание, Управен одбор) управуваат и донесуваат одлуки сексуални работници.

Во извршната структура која претставува извршно тело на донесените одлуки од страна на управните структури на Здружението, извршители се сексуални работници, експерти и стручни соработници.

СТАР и сексуалните работници веруваат дека почитувањето на основните човекови права и слободи и правото на слободен избор на професија се основните принципи за здраво, толерантно и слободно општество.

СТАР е гласот на сексуалните работници во Република Северна Македонија.

# ВИЗИЈА

СТАР се залага за свет без насилство во кој сексуалните работници слободно живеат и работат, а почитувањето на основните човекови права и слободи се основни принципи на демократско и толерантно општество.

# МИСИЈА

СТАР има за цел да ги заштитува и застапува сексуалните работници во општеството, преку активна соработка со државните институции, граѓанскиот сектор и медиумите на локално, национално и меѓународно ниво. СТАР-СТАР ги мобилизира и интегрира сексуалните работници во процесот на градење на капацитетите и организацискиот раст и развој.



# ЧЛЕНСТВА И ПАРТНЕРСТВА

Ние во СТАР веруваме дека само заедничките акции може да донесат значајни и долгорочни промени за доброто на граѓаните.

За СТАР, членствата, вмрежувањето и развојот на соработката со владиниот и граѓанскиот сектор претставува додадена вредност на добро организирано граѓанско општество.

Особено важни во процесот на промени во периодот од 2010 до 2020 година, за нас беа следниве партнери и соработници:

- Фондација Отворено општество - Македонија
- Open Society Foundations
- Министерство за здравство на Република Северна Македонија
- Глобален фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија
- Фонд за население на обединети нации - УНФПА
- Red Umbrella Fund
- ViiV Healthcare
- Евроазиска коалиција за машко здравје - ЕСОМ
- Евроазиска здравствена мрежа за клучни популации - ЕКНN
- Глобална мрежа на проекти за сексуални работници - NSWP
- Меѓународен комитет за правата на сексуалните работници во Европа - ICRSE
- Мрежа за застапување на правата на сексуалните работници во југоисточна Европа и централна Азија - SWAN
- Коалиција Маргини
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување - Скопје
- Здружение ХОПС – Опции за здрав живот - Скопје
- Здружение ЗАЕДНО ПОСИЛНИ - Скопје
- Здружение ЕГАЛ – еднаквост за геј и лезбејки
- Платформа за одржливост на сервисите за поддршка и превенција од ХИВ
- Македонска платформа против сиромаштија - МППС



# КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА

## КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ВО МИСИЈАТА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Мисијата која го водеше нашиот ентузијазам низ декадата зад нас создаде нераскинлива врска помеѓу гласот на сексуалните работници како здружен колектив од една страна, и медиумите, јавноста и институциите, од друга страна.

Градењето на оваа врска се темелеше на нашето гласно застапување за правата на сексуалните работници во здравствениот, социјалниот и правниот систем во државата, истовремено промовирајќи ги нашите аспирации и на меѓународно ниво. Водени од Мисијата, го кренавме гласот на сексуалните работници и повеќе не бевме скриени во општеството.

Ако до 2010 година, сексуалните работници беа застапувани во име на трети лица, десет години подоцна во рамки на традиционалниот Марш на црвените чадори, јавноста не запозна преку самоорганизирани активности, застапувајќи ги сопствените права и зборувајќи во свое име.

Ако до 2010 година, „проституцијата“ и „проститутките“ се користеа како термини исклучиво за дневно сензационалистички теми во црните хроники на медиумите, десет години подоцна користејќи соодветна терминологија која најдобро не опишува нас, на 17-ти декември медиумите известуваат за „сексуалната работа“ и „сексуалните работници“ и нивниот глас во борбата за подобри работни услови и работнички права, како централна вест во сите вечерни дневници.

Ако до 2010 година, беа забележани политички обиди за „сузбивање“ на „проституцијата“, десет години подоцна, во јули 2020 година, добивме декларативна политичка заложба за декриминализација на сексуалната работа, поддржана од 8 политички партии, вклучувајќи ги и најголемите политички блокови.

Ако до 2010 година, одбивавме да зборуваме отворено пред високи политички претставници, во 2018 година заедно со нашите партнери испративме претставничка на нашата заедница која пред Високата делегација на Комитетот за елиминација на насилството врз жените (CEDAW) во рамки на Обединетите нации, за време на 71-вата сесија го презентираше нашиот партнерски Извештај во сенка за состојбата и повредата на правата на жените сексуални работнички во земјата. Гласот на сексуалните работници од Македонија беше слушнат во Обединетите нации, а нашата Влада доби препораки од Комитетот во насока на подобрување на состојбата.

Ако до 2010 година, учеството на сексуалните работници во процесот на креирање и носење здравствени и социјални политики поради присуството на страв беше незамисливо, десет години подоцна СТАР-СТАР е член на работни и евалуациони тела во рамки на државни институции и релевантни агенции на Обединетите нации.

# КЛУЧНИ ДОСТИГНУВАЊА ВО СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Во рамки на своето работење, организацијата препозна и идентификуваше 3 клучни програмски области на делување: организациски раст и развој, застапување за промени и унапредување на сексуалното и репордуктивно здравје.

Во овие области на делување, СТАР-СТАР делуваше организирано, создаваше промени, го унапредуваше сексуалното и репродуктивно здравје на своите членови и пошироката заедница, растеше и се развиваше.

Ако до 2010 година, сексуалните работници беа организирани во неформална група од десетина членови, по 2010 година СТАР-СТАР ги организираше во правен ентитет со стотина членови.

Ако на почетоците на измината декада СТАР-СТАР беше препознаена како мала локална организација со ограничени ресурси и инфраструктура, кон крајот на истата декада СТАР-СТАР е препознаен како Прв колектив на сексуални работници на Балканот, а неговите членови со својата експертиза се повикани да учествуваат во градењето на слични колективи предводени од сексуални работници во земјите од регионот и пошироко.

Ако до 2010 година трансродовите сексуални работници не беа препознаени како засебна категорија на популација чии проблеми и потреби се различни од потребите на женските сексуални работници, денес преку присуството на СТАР-СТАР, трансродовите сексуални работници се активно вклучени во равојот и креирањето на добри политики и пракси.

Ако до 2010 година, сексуалните работници не беа директно вклучени во градењето, управувањето и имплементацијата на Националната ХИВ програма, од 2012 година па до денес, СТАР-СТАР со своите капацитети активно учествува во развојот на стандардите на Програмата, нејзината економска одржливост и дистрибуцијата на сервиси за сексуални работници.

Во овој десетгодишен период, меѓу другото, СТАР-СТАР директно работеше на теренска едукација и ХИВ превенција помеѓу сексуалните работници. Понекогаш, нашите теренски активности ги спроведувавме во исклучително тешки околности. Благодарение на залоќбите и работата на нашите партнерски организации и теренските работници на нашата организација, одржавме ниска ХИВ преваленца помеѓу сексуалните работници и нашите организациски податоци во однос на ХИВ советување и тестирање не забележуваат ниту еден пренос на ХИВ инфекцијата помеѓу сексуалните работници.

Цврсто веруваме дека овие заложби имаат значаен придонес во зачувување на јавното здравје, не само за сексуалните работници, туку и за општата популација.



Мобилно ХИВ тестирање за сексуални работници, 2013 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Годишен состанок на локални ограноци, 2017 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Обука за зајакнување на капацитетите при донесување на одлуки за ХИВ со трансродови лица и сексуални работници, 2020 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Обуки за градење на капацитетите на сексуалните работници за учество во донесување на одлуки за ХИВ, Струмица 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР




Обуки за градење на капацитетите на сексуалните работници за учество во донесување на одлуки за ХИВ, Скопје 2019

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР





Сексуална работничка

**ЧЛЕНКА И КОРИСНИЧКА НА УСЛУГИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

Откако почнав да работам како сексуална работничка, теренската работничка на СТАР-СТАР ме мобилизираше да доаѓам во канцаларијата на организацијата. Првенствено не знаев ништо во однос на законската рамка, информации за ХИВ и СПИ, основни човекови права, итн. Со приклучувањето кон организацијата почнував да станувам свесна за своите основни човекови права и за сексуално и репродуктивно здравје, како и за социјалниот аспект. Мислењето ми е дека СТАР е организација која навистина се бори и се залага за нас сексуалните работници. Сум била дел и од други организации но заложбата не била на исто ниво. Еве еден пример со целава ситуација со КОВИД-19 - СТАР беа првите кои ми се јавија и ме прашаа каква помош ми е потребна во овие тешки времиња. Тоа е за огромен поздрав.



Сексуална работничка

**КОРИСНИЧКА НА УСЛУГИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

СТАР-СТАР и лицата од организацијата премногу ми помагаат. Преку оваа организација бев поврзана со социјален работник, а добивав и доста информации од активни членови кои повремено ни даваат брошури преку кои се информираме. Секогаш биле достапни околу некои нејаснотии или за помош. Имам користено и тестирања за ХИВ, гинеколошки прегледи, како и услуги за шминкање и готвење. Моето субјективно мислење околу СТАР-СТАР е следното: Добра организација, достапен персонал 24/7. Буквално можам да кажам:

БЛАГОДАРАМ ШТО ПОСТОИТЕ!



Сексуална работничка

**ЧЛЕНКА И КОРИСНИЧКА НА УСЛУГИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

Кога организира СТАР семинари учиме најмногу како да се заштитиме. Досега имам користено услуги на параправник, социјален работник, тестирања, сме готвеле заедно, сме шминкале заедно, сме учеле за нашите права и задоволни сме оти се е убаво. Теренскиот работник е наша другарка која секогаш кога не знаеме нешто таа не информира, кога има нешто ново таа ни кажува. Инстаграм не користам, но на ФБ го следам СТАР и секогаш дознавам за убави и интересни информации кои постојано ги споделуваат.



# РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЦЕЛИ

Водејќи се според начелото дека ние ги живееме проблемите кои ги застапуваме, во декадата зад нас колективно градевме нови пруги, кои за нас претставуваа стратешки определби и цели. Во продолжение на овој извештај, преку сумирани квалитативни и квантитативни податоци и информации за целите и резултатите ги претставуваме нашите достигнувања во реализација на програмите, активностите и финансиското работење на Здружението за периодот од 2010 до 2020 година.

## СТРАТЕШКА НАСОКА I: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СРЕДИНА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

### ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ОПШТАТА ПОПУЛАЦИЈА – СЕКСУАЛНАТА РАБОТА Е СЛОБОДЕН ИЗБОР

Низ годините зад нас, нашите заложби беа насочени кон подигање на јавната и медиумска свест, промовирајќи ја доброволната сексуална работа како слободен избор на професија. Меѓу другото, се залагавме да се препознаат разликите помеѓу доброволната сексуална работа и трговијата со луѓе која колективно ја осудуваме, поттикнувајќи ги институциите да ги препознаат разликите и да ги санкционираат трговците, наместо тргуваните. Во таа насока СТАР-СТАР реализираше голем број активности наменети за различни целни групи и оствари бројни резултати, за кои сведочат квантитативните и квалитативните индикатори поставени и исполнети во периодот од 2010 до 2020 година.

Во овој период, СТАР-СТАР работеше пред сè на развој и подигање на свеста кај над 200 сексуални работници преку реализација на 17 едукативни работилници на различни теми од интерес и значење за заедницата, но пред се на препознавање на разликите помеѓу доброволната сексуална работа и трговијата со луѓе.

Со цел да се унапредат моделите и практиките во здравствениот и социјалниот систем кон третманот на маргинализирани заедници како што се сексуалните работници, СТАР-СТАР се фокусираше на здравствените и социјалните работници. Така, Здружението во изминатата декада одржа 6 обуки на кои се сензибилизирани околу 80 здравствени и социјални работници. Активност со додадена вредност која е произлезена од овие обуки е издавањето на „Регистарот на обучени здравствени работници и останати клучни актери од здравствениот систем за работа со маргинализирани заедници" во 2017 година, со цел доближување на заедницата до сензибилизирани кадри и добивање квалитетни здравствени и социјални услуги и сервиси, ослободени од стигма и дискриминација.

Согледувајќи ја потребата и значењето на јавното информирање за прашањата поврзани со сексуалната работа, СТАР-СТАР реализираше и една работилница со 11 медиумски работници насочена кон унапредување на информациите за животот и проблемите на сексуалните работници кај нас. Дополнително, за коректен третман на овие прашања во јавниот дискурс Здружението има издадено повеќе информативно-едукативни материјали, достапни на веб-страницата на СТАР-СТАР https://starsexwork.org/.




Марш на црвените чадори по повод 17 Декември – Меѓународен ден против насилството врз сексуалните работници, Скопје 2014 година

Фотографија: Ванчо Џамбаски



Марш на црвените чадори по повод 17 Декември – Меѓународен ден против насилството врз сексуалните работници, Скопје 2018 година

Фотографија: Ванчо Џамбаски



Марш на црвените чадори по повод 17 Декември – Меѓународен ден против насилството врз сексуалните работници, Скопје 2019 година

Фотографија: Ванчо Џамбаски

Клучен елемент во процесите на застапување на сексуалната работа и подигнување на јавната свест беше организирањето голем број јавни настани и активности, како кампањи, културни настани и видео активизмот. Меѓу најзначајните такви настани е „Маршот на црвените чадори“ кој традиционално се одржува секоја година на 17-ти декември во рамки на Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници. Во периодот од 2010 до 2020 година се одржаа 11 јавни маршови. Првиот Марш на црвените чадори се одржа во Скопје на 17-ти декември, 2008 година во организација на здружението ХОПС и тогаш неформалната група на СТАР-СТАР. До 2020 година на овој настан учествуваа над 30 сексуални работници кои на главните улици низ Скопје, заедно со голем број поддржувачи, маршираа за своите права и испратија гласни пораки укажувајќи на лошите и небезбедни услови во кои живеат и работат сексуалните работници во земјата. Во 2020 година, заради постоечките епидемиолошки мерки за заштита и превенција од КОВИД-19 вирусот и истовремено покажувајќи одговорност кон јавното здравје, Маршот на црвените чадори беше одржан во форма на јавно обраќање пред медиумите, без присуство на општата јавност и поддржувачите на СТАР-СТАР. Низ годините наназад, Маршот на црвените чадори ги добиваше насловните страници на повеќе етаблирани печатени весници во земјата.

Во рамки на 17-ти декември, Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници, во 2017 година, во Скопје, во блиска соработка со неформалната Платформа за декриминализација на сексуалната работа (каде членуваат СТАР-СТАР, Здружението ХОПС, Коалиција МАРГИНИ и Регионалната мрежа за застапување на сексуалните работници во Источна Европа и Централна Азија – SWAN) беше одржан првиот уметнички перформанс СКОПЈЕ РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ. Ценејќи го печатот кој овој настан го остави во медиумскиот простор и општата јавност, во 2020 година го реализиравме и второто издание на СКОПЈЕ РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ. Овој перформанс ги актуелизира и нормализира прашањата за декриминализација на сексуалната работа преку шармот на црвените фенери и танцот на сексуалните работници. На настанот досега учество земаа 11 сексуални работници, а го проследиле повеќе стотици луѓе во живо и над 800,000 лица преку различни електронски медиуми. Прилози од СКОПЈЕ РЕД ЛАЈТ ДИТРИКТ беа објавувани во живо во повеќето централни дневници на националните телевизии во земјата.

Од останатите настани и активности се издвојуваат кампањите за одбележување на Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници, 3-ти март, кој беше одбележан во 2017 и 2020 година со онлајн кампањи насочени кон општата јавност, но и самата заедница на сексуални работници, додека на 2-ри јуни во 2012, 2013, 2016, 2017, 2018 и 2020 година, СТАР-СТАР го одбележа и Меѓународниот ден на сексуалните работници на кој се обединија сексуалните работници, активистите, пријателите и поддржувачите и заеднички делуваа во насока на рушење на стереотипите поврзани со сексуалната работа, намалување на стигмата и дискриминацијата кон сексуалните работници и подобрување на нивниот статус во општеството. Во овој контекст, СТАР-СТАР има реализирано јавни кампањи во Скопје, Струмица, Гостивар, Тетово и Охрид, како и повеќе онлајн кампањи. Во 2018 година, во рамки на 2-ри јуни, Меѓнардониот ден на сексуалните работници, беше организирана кампањата насловена „Две од оние: Арт-акт-ум за моралот и предрасудите“ со изложба на фотографии од сексуални работнички, видео инсталација и диџеј сет, а во 2020 година беше организирана и хуманитарна аукција „Акција за реакција“ со цел прибирање средства за сексуалните работници наменети за справување со последиците од пандемијата.

Во 2019 и 2020 година, на 14-ти септември се одбележа и Денот на гордоста на сексуалните работници со испраќање видео пораки во кои се прославуваа постигнувањата и успесите на сексуалните работници кои истовремено се и активисти за своите права и безбедност.



Унапредување на модели и практики во социјалниот систем за подобар третман на сексуални работници, Маврово 2016 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Унапредување на модели и практики во социјалниот систем за подобар третман на сексуални работници, Маврово 2016 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



**Афродита Шаља – Плавјанска**

**КАНЦЕЛАРИЈА НА ФОНД ЗА НАСЕЛЕНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ – УНФПА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Фондот за население на Обединетите нации – УНФПА веќе неколку години остварува партнерска соработка и дава поддршка на СТАР-СТАР за нејзиино вклучување во планирање и спроведување проценки, развивање и имплементација на стратешки политики и програми, како и јакнење на капацитетите на давателите на здравствени услуги. Особена поддршка е дадена за сензибилизирањето на здравствените работници, пред се матичните лекари од примарното здравство, во работата со овие маргинализирани групи.

Ова подразбира низа активности за јакнење на свеста и политика на дијалог со давателите на здравствени и социјални услуги, изработка на алатки со практични совети за МСМ, сексуалните работници и нивна заштита од СПИ, проценка на нивните потреби поврзани со социјалните и здравствени услуги, како и прирачници за превенција од ХИВ, дијагноза, третман и грижа за оваа популација.




**Лука Стивенсон**

**МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ ЗА ПРАВАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЕВРОПА**

СТАР е светол пример за организација предводена од сексуални работници во Европа. Вистинска чест и задоволство беше да се соработува со нив низ годините во смисла на градење капацитети, обуки за ХИВ и човекови права и проекти за застапување. Креативноста и професионализмот на СТАР јасно покажуваат дека сексуалните работници се најдобро позиционирани кога развиваат и предводат проекти и се залагаат за сопствените права.

SWAN
SEX WORKERS' RIGHTS ADVOCACY NETWORK

**Сташа Плеќаш**

**МРЕЖА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ**

Застапувањето за правата на сексуалните работници во регионот е вистински застрашувачки предизвик. СТАР и МЗПСР се долгогодишни партнери во борбата против стигмата, дискриминацијата и други повреди на права на сексуални работници. Низ годините СТАР покажа зошто лидерството и вклученоста на заедницата е камен темелник во застапувањето за пристап до превенција и третман, како и за залагањето за вклученост во сите процеси кои влијаат на здравјето, животите и егзистенцијата на сексуалните работници. Со задоволство продолжуваме да работиме заедно со СТАР-СТАР за да обезбедиме правда и безбедност за сите во иднина.



Унапредување на модели и практики во здравствениот систем за подобар третман на сексуални работници, Берово 2018 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Унапредување на модели и практики во здравствениот систем за подобар третман на сексуални работници, Берово 2018 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР

Како круна во оваа стратешка насока, се истакнува организацискиот месечен магазин S-Work кој претставува гласило и информатор за сите вести, случувања и останати релевантни прашања околу сексуалната работа, но и пишан медиумски простор каде сексуалните работници го изразуваат својот став. S-Work воедно е и една од најдолготрајните активности на СТАР-СТАР. Заклучно со крајот на 2020 година се објавени 99 изданија, наближувајќи до своето јубилејно издание број 100 во 2021 година. Електронското издание на магазинот во периодот од неговото прво излегување до 2020 година, брои околу 7,500 прегледи и сите изданија можат да се прочитаат на веб-страницата на здружението https://starsexwork.org/category/swork-magazine.

Водејќи се од современите трендови за комуникација и присуство во јавноста, СТАР-СТАР редовно ги одржува електронските канали и медиуми за комуникација наменети за заедницата и јавноста, преку својата веб-страница https://starsexwork.org која во периодот до 2020 година брои над 90,000 прегледи. Facebook страница https://www.facebook.com/starsexwork која има близу 4,000 следбеници, Instagram профилот (@star_mkd) со околу 350 следбеници, Twitter профилот (@starsexwork) кој бележи помалку следбеници поради неговото блокирање во мај 2018 година и каналот на Youtube отворен во 2017 година со над 6,000 прегледи.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА КОЈА ГИ ТАРГЕТИРА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Во изминатата декада, а особено од 2017 година по промената на политичката клима во земјата, СТАР-СТАР преземаше самостојни или партнерски иницијативи и имплементираше активности во насока на подобрување и унапредување на законските рамки кои се однесуваат на сексуалната работа. Во 2020 година, Здружението донесе одлука да заземе стратешка позиција во процесите за унапредување на законската регулатива како единствена организација чии управни структура се управувани од сексуални работници.

Суштинска активност беше унапредувањето на знаењата на заедницата од областа на правната регулација преку креативни работилници на начин и јазик разбирлив и достапен за заедницата, со цел нивно вклучување во процесите за застапување и измени на законите. Преку оваа обука беа опфатени 20 сексуални работници во 2017 година.

Покрај тоа, беа реализирани активности кои го трасираат патот кон постигнување на оваа цел, како што се анкетирање на пратениците и политичките партии во врска нивните ставови за правата на сексуалните работници и сексуалната работа. За таа цел, беа испратени прашалници до околу 50 политичари, но само еден политичар го одговори прашалникот. Тоа е битен показател за политичките ставови за сексуалната работа во моментов, но и предизвик со кој сме подготвени да се соочиме во остварувањето на зададените цели.

СТАР-СТАР во 2019 година учествуваше во координација на процесот за застапување за предлог законските решенија за сексуална работа заедно со претставници од партнерски организации и правни експерти, а организираше и тркалезна маса на тема правни потреби и пристап до правда за сексуалните работници во соработка со Коалиција Маргини и Здружението ХОПС.

## ПРЕВЕНЦИЈА И РЕАКЦИЈА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Насилството врз нас и врз било кое живо битие не е одлика на демократско општество. Од нашето основање па до денес се залагаме за негово санкционирање. Во цела измината декада, СТАР-СТАР работеше на јакнење на капацитетите за препознавање и справување со насилство врз сексуалните работници. Беа обучени два параправници од редовите на заедницата за пружање помош на сексуални работници жртви на насилство, а исто така работеа и на поврзување со соодветни сервиси од граѓанскиот сектор.



Изложба „ ДВЕ ОД ОНИЕ “, Скопје
2018 година

Фотографија: Елеонора Стојановиќ



Изложба „ ДВЕ ОД ОНИЕ “, Скопје
2018 година

Фотографија: Анита Бережњак и
Елеонора Стојановиќ





Консултации за воведување на нови превентивни методи пред-експозицикса профиулакса (ПрЕП) - техничка група, Скопје 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Обуки за подигнување на капацитетите на сексуалните работници за комуникациски вештини, јавни политики и медиуми, Струмица 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР




Тркалезна маса за правна регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија, Скопје 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Тркалезна маса за правна регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија, Скопје 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР

Во 2017 и 2018 година, преку соработка со партнерските организации, СТАР-СТАР одржа 3 едукативни работилници за сексуалните работници со цел нивно зајакнување и подобро разбирање на процесите за документирање и покренување правни постапки на случаи за прекршување на нивните права, на кои учествуваа 40 сексуални работници, а посебен фокус беше ставен на сексуалните работници мажи кои имаат секс со мажи и трансродовите сексуални работници. Во 2020 година, СТАР-СТАР воведе регионален параправен сервис во југоисточниот и западниот регион во земјата кој има за цел идентификување сексуални работници на кои им е потребна помош за поврзување или упатување до здравствени, социјални и правни услуги и сервиси. Преку овој сервис им беше овозможена помош на 28 сексуални работници и беа документирани 8 случаи на прекршување на права, од кои 4 случаи беа процесирани пред институциите преку воспоставувањето на бесплатната правна помош овозможена од страна на Коалиција Маргини.

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА

Со промената на политичкиот и општествениот контекст во 2017 година, СТАР-СТАР ја искористи можноста да ги зајакне капацитетите во насока на застапување за антидискриминација и декриминализација на сексуалната работа. И во оваа област, зајакнувањето на капацитетите на сексуалните работници во однос на постоечката и потенцијалната легислатива не изостана. Здружението реализираше 5 работилници во текот на 2018 и 2019 година на кои учествуваа 49 сексуални работници.

Здружението оствари значителен напредок со покренување на иницијативата за основање на Платформата за декриминализација на сексуалната работа во 2019 година, која ќе има улога на национално тело за координирана имплементација на активности за декриминализација и застапување пред носителите на одлуки.

## РАЗВОЈ НА ДАТАБАЗИ И ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ПРЕКУ ИСТРАЖУВАЊА СПРОВЕДЕНИ ОД СТАР-СТАР ПОМЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ

Како резултат на организацискиот раст и развој, СТАР-СТАР отпочна со спроведување на свои истражувања помеѓу заедницата за креирање бази со податоци и мапирање на проблемите и потребите на заедницата кои ќе послужат во процесите на програмирање на активностите и застапување пред институциите базирано на докази.

Во 2017 година, Здружението го објави истражувањето „Животен стил на сексуалните работници“ кое дава податоци за секојдневието, опкружувањето, интимниот живот, искуства во сексуалната работа и однос со клиенти, како и психо-физичката здравствена состојба на сексуалните работници со укажување на потребата од промена на законската рамка, подигање на свеста и унапредување на пристапот до услуги и сервиси. Дополнително, во истата година СТАР-СТАР направи и истражување за потребите од здравствени и социјални услуги помеѓу младите сексуални работници, со цел подобро програмирање на активностите наменети за младите сексуални работници, како и соодветно застапување кон соодветни системски решенија за оваа целна група.

Во 2020 година, СТАР-СТАР спроведе проценка за „Искуства и перцепции на сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија за пристапот и употребата на ХИВ превентивните методи: кондоми и пред-експозициска профилакса (ПрЕП)“ за да понуди квалитативен приказ во однос на побарувачката, понудата и придржувањето кон употреба на кондоми, како и перцепциите, ставовите и факторите поврзани со потенцијалната употреба на ПрЕП помеѓу сексуалните работници со која беа опфатени 33 сексуални работници.

Во 2020 година беше спроведена и анализа насловена „Влијанијата на КОВИД-19 пандемијата врз менталната, здравствената, социјалната и економската благосостојба на сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија“ со цел соодветно програмирање на активности за справување и намалување на последиците од пандемијата врз сексуалните работници, во која беа вклучени 50 сексуални работници.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО НОВИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕТОДИ ЗА ХИВ (ВИРУС НА ХУМАНА ИМУНО-ДИФИЦИЕНЦИЈА)

СТАР-СТАР беше дел од работната група и процесот за воведување на нови превентивни методи како што е пред-експозициската профилакса (ПрЕП) за ХИВ кај клучните популации. Притоа, СТАР-СТАР учествуваше во консултативниот процес со клучните популации за воспоставување на Националниот протокол за ПрЕП, воден од страна на здружението Заедно посилни и Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби при Министерството за здравство. Дополнително, 44 сексуални работници беа директно вклучени во процесите за развивање на стандардите за имплементација на нови превентивни програми за ХИВ.

## РАЗВОЈ И НАЦИОНАЛНА ИМПЛЕ-МЕНТАЦИЈА НА SWIT (Sex Workers’ Implementation Tool) АЛАТКАТА (ВОВЕДУВАЊЕ СЕОПФАТНИ ХИВ/СПИ ПРОГРАМИ СО СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ)

Во мај 2012 година, претставник на СТАР-СТАР учествуваше на глобалните консултации со сексуалните работници како дел од процесот „Препораки 2012“ организирани во Гана, Африка, од страна на Меѓународната мрежа на проекти за сексуални работници. Процесот „Препораки 2012“ врз кој се темели развојот на SWIT алатката поставува технички препораки за ефективни интервенции за превенција и третман на ХИВ (вирус на хумана имунодефициенција) и други СПИ (сексуално преносливи болести) помеѓу сексуални работници, развиени од страна на Светската здравствена организација, Фондот за население на Обединетите нации, Фондот за СИДА на Обединетите нации и Меѓународната мрежа на проекти за сексуални работници.

По нејзиниот развој во 2016 година, две години подоцна, СТАР-СТАР во 2018 година ја започна имплементацијата на национално ниво. Во 2019 година, СТАР-СТАР организираше тркалезни маси за имплементација на SWIT алатката помеѓу носители на одлуки во здравствениот систем и ја презентираше алатката пред членовите на Националната комисија за ХИВ.



РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ, Скопје 2017 година

Фотографија: Ванчо Џамбаски



РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ,
Скопје 2020 година

Фотографија: Ерина Богоева



РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ,
Скопје 2020 година

Фотографија: Ерина Богоева

# СТРАТЕШКА НАСОКА II: СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА

За нас во СТАР-СТАР, универзалното право на пристап до еднаква здравствена заштита и грижа беше и о станува приоритет на нашата работна агенда.

Здравствените установи во Република Северна Македонија кои нудат услуги за сексуално и репродуктивно здравје ја немаат потребната доверба на сексуалните работници поради фактот што значителен број од медицинскиот персонал не е доволно сензибилизиран и не ги разбира потребите на заедницата. Исто така, достапноста до сервисите од јавното здравство е ограничена за сексуалните работници поради стигмата и дискриминацијата кои тие ги имаат искусено од здравствените работници како даватели на здравствени услуги. Услугите и сервисите за сексуално и репродуктивно здравје кои ги користат сексуалните работници се дел од сервисите на здруженијата на граѓани и во таа насока во периодот од 2010 до 2020 година, СТАР-СТАР самостојно и партнерски работеше на спроведување активности со цел заштита и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права на сексуалните работници, како и развој на пристапот и капацитетите на организациите кои даваат услуги и сервиси.

## ЕДУКАЦИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА ХИВ/СИДА И СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

Во оваа област, а во рамки на својата организациска здравствена програма, СТАР-СТАР бележи големи успеси, пред се поради одржувањето континиум на квалитетни, достапни и соодветно адаптирани сервиси за превенција од ХИВ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје.

Почнувајќи од октомври 2012 до крајот на 2016 година, СТАР-СТАР работеше на воспоставување контакти, мапирање на заедницата и теренска едукација и превенција од ХИВ и СПИ преку Националната програмата за заштита на населението од ХИВ и одржување на ниска преваленца на ХИВ помеѓу клучни популации при Министерството за здравство, финансиски поддржана од Глобалниот фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија.

Оваа програма од 2017 година ја презема Министерството за здравство како Национален одговор, но пред се како резултат на напорите на граѓанскиот сектор за обезбедување одржливост на програмата од националниот буџет по заминувањето на Глобалниот фонд. Кумулативно преку овие програми, во периодот од 2012 до 2020 година, СТАР-СТАР има овозможено 865 поединечни услуги и сервиси за заедницата, а опфатила и мапирала вкупно 255 сексуални работници.

Детално, овие податоци прикажани по години се дадени во табеларниот приказ Табела 1.

Освен активностите за дистрибуција на превентивни средства за ХИВ, од исклучителна важност се и активностите за едукација на сексуалните работници за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје со цел подигање на свеста за потребата од заштита, начините на заштита и тестирањето за ХИВ и останати инфекции. Во периодот од 2012 до 2020 година, спроведени се вкупно 180 едукативни работилници и обуки на кои е забележано присуство на 1,249 сексуални работници, нови или постојани.

Подетално, овие податоци по години се прикажани во табеларниот приказ Табела 2.



Унапредување на модели и практики во здравствениот систем кон подобар третман на маргинализирани групи, Софија, Република Бугарија 2013 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Тренинг за зајакнување на лидерските вештини кај локалните заедници на сексуалните работници, Скопје 2016 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Обука со новинари за сензитивизирање на теми поврзани со сексуалната работа и јавното здравје, Скопје 2016 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



**Газменд Исмани**

**ЦЕНТАР ЗА МОНИТОРИНГ И СЛЕДЕЊЕ НА ХИВ ПРОГРАМАТА ПРИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ**

Кога СТАР-СТАР за прв пат беше ангажирана во 2012 година во имплементацијата на превентивните програмски активности насочени кон сексуалните работници (машки и женски), меѓу другото ние како проектна единица добивме еден битен елемент во допирање и опфат на клиенти во најтешките и најзатворените кругови на популацијата на сексуални работници, а тоа беше затворената сцена на оваа тешко достапна популација. Веднаш по ангажирањето увидовме дека СТАР-СТАР успешно се справуваше со зададените програмски задачи, а и во целост ги остваруваше поставените таргети и индикатори со што целата програма доби додадена вредност во превенцијата на ХИВ помеѓу сексуалните работници.

Гледано од денешен аспект нашата земја е од тие земји што реално имаат ниска стапка на ХИВ преваленца и ако за тоа има многу заслужни чинители, сигурно дека и СТАР-СТАР заслужено го има својот удел во тоа.



**Елизабета Божиноска**

**ХЕРА-АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ**

Услугите за ХИВ и за сексуално и репродуктивно здравје во голема мера би биле неискористени да не постои соработка и партнерство со самите заедници на кои овие услугите им се најмногу наменети – услуги кои се безбедни, бесплатни, доверливи и ослободени од стигма и дискриминација. Најдраги за ХЕРА се соработките со организации основани од самите заедници. Една таква е онаа со СТАР- СТАР која трае веќе 8 години и која е исклучително успешна токму поради обострание стремеж и решителност да одговориме на здравствените потреби на сексуалните работнички во земјава. Она што почна со стандардна обука за вклучување на СТАР-СТАР во програмата за ХИВ тестирање, низ годините прерасна во нешто многу повеќе од партнерство – предизвиците на кои наидовме нè направија поупорни и поиздржливи во заложбите за здравствените права на едни од најмаргинализираните групи кај нас и изнедрија искрена колегијалност и пријателства какви што не се сретнуваат секој ден.



**Хајди Штерјова Симоновиќ**

**ХОПС – ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ**

Во 2010 година заедно со основачите на СТАР-СТАР започнавме административна битка за регистрација на првото здружение во земјата, но и регионот, основано од сексуални работници. Иако институциите се обидуваа да изнајдат правни начини да го оневозможат тоа, сепак после една година се роди СТАР-СТАР. Оттогаш, цела декада СТАР-СТАР застапува и гласно се бори за правата на сексуалните работници во земјава. СТАР-СТАР и ХОПС низ својата десетгодишна партнерска соработка работејќи на обединување и зајакнување на заедницата, дестигматизирање и еднаквост на сексуалните работници, меѓу другото се иницијатори на неформалната платформа за декриминализација на сексуалната работа која обезбеди политичка поддршка. Сплотени под чадорот на СТАР, сексуалните работници денес се охрабрени, гласни и видливи за општеството. СТАР-СТАР и ХОПС делат исти вредности. Ќе продолжиме да ги негуваме.

| Поддржано од: | Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија | | | | Министерство за здравство | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Услуги и сервиси по година** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | |
| Вкупен број на опфатени лица од заедницата со услуги и сервиси | 51 | 43 | 136 | 115 | 124 | 91 | 90 | 78 | 137 | **865** |
| **Вкупен број на нови мапирани лица од заедницата (од опфатените)** | 51 | 43 | 53 | 28 | 35 | 6 | 12 | 11 | 16 | **255** |
| **Дистрибуирани кондоми** | / | / | 4,749 | 5,354 | 5,596 | 6,346 | 11,595 | 11,309 | 10,420 | **55,369** |
| **Дистрибуирани лубриканти** | / | / | 734 | 1,471 | 2,112 | 3,988 | 6,273 | 2,173 | 6,327 | **23,078** |
| **Дистрибуирани информативно-едукативни материјали** | / | / | 948 | 695 | 658 | 641 | 784 | 839 | 1,241 | **5,806** |
| **Упатување до други организации кои нудат останати услуги и сервиси** | / | / | 21 | 10 | / | / | 1 | 23 | 6 | **61** |
| **Споделени информации за ХИВ** | / | / | 16 | 40 | 9 | 15 | 166 | 801 | 697 | **1,744** |
| **Споделени информации за Хепатит Б и Ц** | / | / | 5 | 1 | 7 | / | / | 13 | / | **26** |
| **Споделени информации за СПИ** | / | / | 5 | 10 | / | / | 165 | 800 | 697 | **1.677** |
| **Врсничка едукација и неформална поддршка помеѓу лица од заедницата** | / | / | 540 | 352 | 590 | 583 | 775 | 856 | 802 | **4,498** |

Табела 1



Едукативна работилница за ХИВ/ СПИ со сексуални работници, Скопје 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР




Претставување на тренинг модулот за сексуална работа, ХИВ и човекови права, Струмица 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Едукативна работилница со заедницата на сексуални работници за правилна употреба на кондом и безбедност при работа, Струмица 2018 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Дополнително, во рамки на своите теренски активности, а во насока на добра информираност, СТАР-СТАР има развиено, испечатено и дистрибуирано 2 промотивни картички против насилството врз сексуалните работници и 1 промотивна картичка со информации за заштита и превенција од КОВИД-19, како и 4 информативно-едукативни брошури за сексуалните работници со информации за инфо линија за советување на лица од заедницата за време на КОВИД-19, совети и информации за остварување социјална заштита и услуги, информации за заштита од ХИВ и СПИ и информации за права при контакт со полиција.

## ОЛЕСНЕТ ПРИСТАП ДО СЕРВИСИ

Во периодот од 2013 до 2016 година, во рамки на информативниот сектор на организацијата кој има за цел да ги информира и да им ги доближи граѓанските сервиси на сексуалните работници, беше воспоставена телефонска информативна линија водена од и за сексуални работници. Заедно со нејзиното воспоставување одново во 2020 година, информативната линија бележи 1,042 јавувања на сексуални работници.

Овие податоци прикажани по години се дадени во табеларниот приказ Табела 3.

Во рамки на оваа област, Здружението во 2018 година организираше 2 работилници за едукација и информираност на заедницата за расположивите сервиси во граѓанскиот сектор и едукација на врснички едукатори и опфати 18 сексуални работници.

Дополнително, во рамки на активностите за олеснет пристап до бесплатни гинеколошки прегледи и доверливо и бесплатно ХИВ/СПИ тестирање и советување за сексуални работници, СТАР-СТАР разви партнерска соработка со организацијата ХЕРА, која во рамки на своите програми, конинуирано овозможуваше пристап до станционарни и мобилни услуги за сексуални работници. Во периодот од 2017 до 2020 година, со овие сервиси се опфатени 403 сексуални работници, низ повеќе градови во земјата.

Клучен елемент во олеснувањето на пристапот до услуги и сервиси се теренските активности кои постојат од 2012 година, преку кои обучени теренски работници од заедницата ги придружуваат останатите сексуални работници во остварување на своите права од здравствена, социјална и правна заштита.

## ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, АКТИВИСТИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ОРГАНИЗАЦИИ И ОГРАНОЦИ ВОДЕНИ ОД ЗАЕДНИЦАТА НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ

Во 2016 година, СТАР-СТАР во соработка со канцеларијата на Фондот за население на Обединетите нации во Скопје – УНФПА, работеше на развивање на SWIT алатката за воведување сеопфатни ХИВ/СПИ програми за сексуални работници. Преку оваа алатка, во 2019 година беше креиран и утврден тренинг модул за сексуална работа - ХИВ и ЧОВЕКОВИ ПРАВА, наменет за користење од страна на организации даватели на услуги и сервиси.

Дополнително, во 2020 година преку реализација на 2 обуки, тренинг модулот беше претставен помеѓу 9 граѓански организации кои спроведуваат програми за превенција од ХИВ помеѓу сексуални работници, како и за членови на Платформата за одржливост на сервиси за ХИВ, односно здруженијата ХЕРА Скопје, Опции за здрав живот – ХОПС Скопје, ЕГАЛ Скопје, Доверба Скопје, Опција Охрид, ХЕЛП Гостивар, Избор Струмица и Виа Вита Битола.

| Поддржано од: | Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија | | | | | Министерство за здравство | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Едукација на сексуалните работници за ХИВ/ СИДА и сексуално и репродуктивно здравје** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | |
| Вкупен број на одржани работилници | 8 | 44 | 36 | 10 | 26 | 24 | 22 | 10 | 0 | **180** |
| Вкупен број на опфатени лица од заедницата | 80 | 370 | 273 | 82 | 162 | 123 | 106 | 53 | 0 | **1,249** |

Табела 2

**Информативна линија за сексуални работници**

| Телефонски јавувања по години | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2020 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на сексуални работници кои ја искористиле инфо линијата | 272 | 234 | 222 | 226 | 88 | 1,042 |

Табела 3

# СТРАТЕШКА НАСОКА III: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

Во периодот од 2010 до 2020 година, СТАР-СТАР се финансираше од различни извори на национално, регионално и меѓународно ниво и работеше на воспоставување различни модели за пристап и одржување врски со донаторите. Дополнително, со растот и развојот на организацијата, но и на заедницата сексуални работници, се појави потребата за координиран пристап во организациското работење во насока на обезбедување на одржливост. Со тоа, паралелно се развиваа и унапредуваа и капацитетите, како на ангажираните лица, така и на заедницата. СТАР-СТАР воспостави регионални ограноци, еден во југоисточна Македонија, СТАР-Исток и еден во западна Македонија, СТАР-Запад. Со формирање на овие ограноци и спроведувањето на програмските активности во повеќе градови се отворија можности со што повеќе сексуални работници во земјата добија можност да се вклучат во промените кон подобрувањето на работните и животните услови на заедницата и борбата за човекови права.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РАЗНОЛИКОСТ НА ФОНДОВИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НОВИ ДОНАТОРИ

Низ годините во изминатата декада, СТАР-СТАР имплементираше проектни активности со поддршка и во соработка со партнерски организации, формираше еден конзорциум од организации за заеднички настап и реализација на тригодишна програма и беше поддржана од бројни меѓународни организации и фондации.

За да осигура континуирана финансиска одржливост на своето колективно работење, Здружението во 2017 година разви Стратегија за финансиска одржливост.

Во насока на зајакнување на капацитетите за имплементација на Стратегијата како помеѓу своето членство, така и помеѓу своите вработени, во текот на 2019 година, СТАР-СТАР одржа 3 работилници за јакнење на капацитетите за обезбедување разноликост на фондови и привлекување нови донатори, на кои своите капацитети ги зајакнаа 31 лице од заедницата и членови на тимот.

## РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВ МОДЕЛ ЗА ПОДГОТОВКА И РАЗВОЈ НА ПРОЕКТИ

Разбирајќи ја комплексноста на развојот на проектни циклуси од една страна, и ограниченото познавање на процесот кај лицата од заедницата од друга страна, лидерството на СТАР-СТАР во 2011 година со поддршка на Фондацијата отворено општество - Македонија, помина 9 месечен серијал обуки во насока на институционално јакнење, стратешки менаџмент и проектно планирање, пишување и управување.

Земајќи ја предвид сериозноста на пристапот во изнаоѓање финансии кои се клучни за растот и развојот на Здружението, финансиската одржливост му беше доверена на Претседателот на Здружението, како орган кој ја одржува комуникацијата со домашните и меѓународни донатори, но истовремено ја има улогата на претставник на Здружението како во локални, така и во национални и меѓународни коалиции и мрежи.



Работилница за зајакнување на националниот систем за заштита на човековите права и следење на сексуалните и репродуктивните права кај клучни популации, Струмица 2016 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР




Претставување и имплементација на ТРАНСИТ алатката, Скопје 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Претставување и имплементација на ТРАНСИТ алатката, Скопје 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



**Сузана Велковска**

**ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА**

Всушност нашето заедничко патешествие започна една година пред официјалната декада на СТАР–СТАР. Поттикнати од ентузијазмот на неколкумина млади и креативни активисти за правата на сексуалните работници, со колегите од тематската програма за јавно здравје при Фондациите Отворено општество, Њујорк, цела 2009-та година ја поминавме во постепено и внимателно градење на основните административни и програмски капацитети на организацијата.

Веќе по првите известувања од започнувањето на формалното работење, беше извесно дека СТАР-СТАР расте во посветена, креативна, дисциплинирана и со еднаков ентузијазам како на почетокот организација, која жестоко се бори за правата на заедницата со креативни решенија.

Денес, СТАР-СТАР е силна претставничка на заедницата, препознаена и почитувана на домашната, но и на меѓународната сцена. Се гордеам со она што го претставува СТАР-СТАР за заедницата на сексуалните работници и од се' срце им посакувам одбележување на уште многу успешни декади.



**Себастијан Кон**

**ФОНДАЦИИ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО**

Со огромна радост гледав како СТАР расте во последниве десет години. Организацијата станува се посилна и посилна, станува се поприсутна и го продлабочува својот удел. Преку сплотувањето на заедницата сексуални работници во Северна Македонија, СТАР покажа колку е важно лидерството на заедницата во смисла на менување политики или пружање ургентна помош во контекст на КОВИД-19 пандемијата.



**Вера Родригез**

**ФОНДАЦИЈА ЦРВЕН ЧАДОР**

СТАР-СТАР беше одбрана три пати до сега од нашиот Советодавен комитет кој е воглавно сочинет од активисти за права на сексуални работници. Ова е индикатор дека претставниците на нашето движење длабоко веруваат во нејзината работа и заложби.

На лична основа, патував во Македонија на сопствен трошок и имав можност да ги запознаам членовите на СТАР-СТАР, да ги посетам нивните канцеларии, да научам за нивното минато и подобро да ги разберам стратешките заложби на Првата група сексуални работници на Балканот. Толку многу ме инспирираше нивната работа што ме мотивираше на напишам блог на нашата веб страница.

Организацискиот одржлив модел на финансирање се темели на потребите на заедницата која организацијата ја претставува, а подразбира еднаква вклученост во развојот на проектните апликации, како на управните така и на извршните структури во организацијата.

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ТИМОТ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРИСУСТВО НА ТЕРЕН

Откако во 2011 година, осумченото лидерство на СТАР-СТАР го помина деветмесечниот циклус на организациско јакнење преку кој се воспоставија првичната структура и техничката функционалност на организацијата, процесот на градење на капацитетите помеѓу своите вработени, волонтери и членови продолжи низ целата декада.

Како резултат на ова институционално јакнење, во 2017 година СТАР-СТАР забележа зголемување на присуството на организацијата и проширување на опсегот на делување од локално на национално ниво, преку воспоставување 2 регионални ограноци, СТАР-Запад во Гостивар и СТАР-Исток во Струмица, технички и административно поддржани од канцеларијата во Скопје. Во 2018 година, СТАР-СТАР ја отвори својата прва регионална канцеларија со седиште во Гостивар, управувана од тамошната локална заедница на сексуални работници. Со формирањето на овие ограноци во Гостивар и Струмица и оспособување на локалните лидери, програмските активности се проширија во југоисточниот и западниот регион со околните градови во близина на Гостивар и Струмица и со тоа се отворија можности повеќе сексуални работници во земјата да бидат дел од промените кон подобрувањето на работните и животните услови на заедницата и борбата за човекови права.

Притоа, СТАР-СТАР во текот на годините, дел од своите активности за мобилизација, едукација и јакнење на капацитетите на сексуалните работници ги спроведуваше на регионално ниво, а во 2017 година организираше и 2 работилници за зајакнување на локалните здравствени програми во СТАР-Запад и СТАР-Исток во однос на ХИВ тестирање и нудење гинеколошки услуги со кои беа опфатени 21 сексуален работник.

Дополнително, во 2019 година СТАР-СТАР реализираше 3 обуки за развој на локални програми за застапување помеѓу членовите на заедницата во СТАР-Запад и СТАР-Исток со поддршка на Извршната канцеларија од Скопје. Со овие активности беа опфатени 33 сексуални работници.

## РЕГИОНАЛЕН ПРИСТАП ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА СТАР-ЗАПАД ВО ЗАСТАПУВАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА SWIT АЛАТКАТА

Во период од 2017 до 2019 година, СТАР–СТАР реализираше девет еднодневни работилници насочени кон развој на регионалниот пристап за градењето капацитети на огранокот СТАР-Запад во Гостивар за спроведувањето на активности преку SWIT алатката. Во 2017 беа одржани една работилница за подготовка на месечно издание на печатениот весник „Од нас за нас“ со учество на 10 сексуални работници и четири работилници за онлајн и јавни кампањи и акции со кои беа опфатени 40 сексуални работници. Во 2018 година беа одржани една работилница за теренска работа и мобилизација на заедницата со 10 учесници, една работилница за документирање случаи на кршење на човековите права со 10 учесници и уште една работилница за онлајн и јавни кампањи и акции со 10 учесници, додека во 2019 година беше одржана една работилница за мониторинг, евалуација, планирање на активности и развивање акциски план на кој учествуваа 10 сексуални работници.

## КОНТИНУИРАН РАЗВОЈ НА ПЕЧАТЕНИОТ ВЕСНИК „ОД НАС ЗА НАС“

Во периодот од 2008 до 2017 година, СТАР-СТАР издаде 80 изданија на печатениот месечен весник „Од нас за нас“ наменет за заедницата, кој преку креативни рубрики имаше за цел да ги информира и едуцира сексуалните работници. Со заминувањето на Глобалниот фонд од земјата кој финансиски ги поддржа повеќето изданија на весникот, неговото издавање престана. Во 2018 година преку својот огранок во Гостивар, СТАР-Запад издаде дополнителни 6 броја на весникот, со потенцијал оваа иницијатива да продолжи и во иднина.





Подготовка и зајакнување на капацитетите за издавање на весникот „Од нас за нас“ од страна на заедницата на сексуални работници, Гостивар 2018 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Обука за ХИВ советувачи помеѓу трансродови сексуални работници, Скопје 2020 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Отворање на регионален огранок СТАР- Запад во Гостивар, 2018 година

Архива на СТАР-СТАР



Обука за зајакнување на капацитетите при донесување на одлуки за ХИВ со трансродови сексуални работници, Скопје 2020 година

Архива на СТАР-СТАР

## МОБИЛИЗАЦИЈА И РАБОТА СО МАЖИ КОИ ИМААТ СЕКС СО МАЖИ (МСМ) И ТРАНСРОДОВИ ЛИЦА

Во 2018 година, СТАР-СТАР воспостави Комитет помеѓу Извршната канцеларија и ограноците со цел да се овозможи координиран пристап во спроведувањето активности на локално ниво насочени кон МСМ и трансродови сексуални работници и спроведе 2 обуки за имплементација на активности преку SWIT алатката со кои беа опфатени 16 машки и трансродови сексуални работници.

Во 2018 година СТАР-СТАР ја координираше реализацијата на преведување и издавање на ТРАНСИТ алатката (воведување сеопфатни ХИВ/СПИ програми со трансродови лица) и одржа 3 обуки за спроведување на активности преку оваа алатка на кои учествува вкупно 34 машки и трансродови сексуални работници.

Во 2020 година, преку обука на Здружението ХЕРА Скопје беа обучени 2 трансродови лица како советувачи за ХИВ и за прв пат беа вклучени во реалзиацијата на програмите за превенција од ХИВ кај оваа популација.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛЕДЕЊЕ НА СЕКСУАЛНИТЕ И РЕПРОДУКТИВНИ ПРАВА КАЈ КЛУЧНИ ПОПУЛАЦИИ

Во 2018 година беа преземени активности за имплементација на MSMIT (воведување сеопфатни ХИВ/СПИ програми со мажи кои имаат секс со мажи) и SWIT алатките преку одржување на обука со која беа опфатени 14 учесници и беа одржани 3 обуки со 33 учесници за подигнување на свеста кај заедницата и давателите на услуги за значењето на MSMIT и SWIT алатките, кои меѓу другото содржат важни сегменти за заштита на човековите права и системско следење на сексуалните и репродуктивни права. Дополнително, за време на десетгодишниот период, СТАР-СТАР непрекинато инвестираше во развојот на капацитетите помеѓу својата заедница во насока на препознавање на кршење на права од социјална и здравствена заштита, нивно соодветно документирање и најважно, охрабрување и поддршка на лицата да покренат соодветни постапки до надлежните институции.

## КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

Да се напредува, значи да се развива и расте. Ние во СТАР-СТАР веруваме дека континуираниот организациски раст и развој е главна алка на која се нижат колективните вредности кои организацијата ги негува. Низ изминатата декада, СТАР-СТАР испланира и реализираше бројни активности за јакнење на организацискиот капацитет со цел да воспостави и осигура целосен систем на добро и внимателно управување со организацијата. Потребите беа идентификувани преку формални процеси на надворешни проценки и самопроценки со цел да се постигне максимална објективност на истите, но и за обезбедување ефикасност на предвидените мерки и активности. Низ годините на своето работење, СТАР-СТАР разви и имплементираше два Стратешки планови за годините 2015-2017 и 2018-2020 бележејќи висок процент на стратешка имплементација. Во 2017 година, СТАР-СТАР спроведе низа состаноци за планирање и дефинирање на улогата на ограноците, како и развој на план за работа и индикатори за успех на кој учествуваа 15 лица ангажирани во организацијата. Во истата година подоцна, организацијата разви и донесе Стратешки план на организацијата за периодот 2018-2020 година во чиј развој учествуваа 10 вработени, членови и волонтери.

Мониторирајќи го процесот на имплементација на Стратешкиот план, во 2020 година забележавме дека постоечката глобална пандемија предизвикува ограничувања во неговата реализација, а зададените стратешки цели не се целосно соодветни со новонастанатата ситуација, која со сигурност ги погоди и продолжува да ги засега сексуалните работници.

Со цел да одговориме на потребите на заедницата во услови на пандемија, како и да и дадеме нова стратешка насока на организација заради новонастанатата ситуација во тоа време, повикавме на итно и неодложно ревидирање на Стратешкиот план. Кон крајот на 2020 година, организацијата го усвои ревидираниот Стратешки

план со продолжено дејство на имплементација и во 2021 година, со кој успеавме да испланираме и спроведеме конкретни активности со цел да се намалат негативните ефекти на пандемијата.

## ПОДГОТОВКА НА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА СО ВКЛУЧЕНИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ, ПОДГОТОВКА И ВОДЕЊЕ КАМПАЊИ И НАСТАП НА СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

Разбирајќи ја јавната комуникација како суштинска алатка за зголемување на видливоста и застапувањето на правата на сексуалните работници, во 2020 година ја развивме првата организациска Ефективна стратегија за брендирање, промоција и маркетинг на Здружението. Оваа Стратегија развиена во документ од 68 страници е израз на волјата и грижата за унапредување на препознатливоста на нашата организација предводена од заедницата во целост. Развојот на Ефективната стратегија за брендирање, промоција и маркетинг на Здружението ги претставува водечките принципи кои имаат посебна вредност, формирајќи ја перцепцијата на општата јавност во однос на сексуалната работа.

Паралелно со развојот на стратегијата за комуникација, во 2020 година организацијата работеше на унапредување на својот визуелен идентитет, развивајќи ново лого, веб страна, клучни бои на брендот, фонт на букви и типографија, со кои во втората половина од 2020 година, организацијата конкурентно влезе во граѓанскиот сектор како организација со јасен визуелен идентитет кој претставува квалитативно надополнување и одлика на нашето колективно делување како заедница.



Работилница за социјални медиуми и односи со јавност со заедницата на сексуални работници, Гостивар 2019 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР



Стратешко планирање, Скопје 2017 година

Фотографија: Архива на СТАР-СТАР




# СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

Во март 2020 година беше прогласена глобална пандемија предизвикана од коронавирусот (SARS-CoV-2). Пандемијата се одрази на егзистенцијата и здравјето на сите граѓани, но најпогодени беа секако маргинализираните заедници, меѓу кои и сексуалните работници. Во насока на справување со последиците од пандемијата, СТАР-СТАР го адаптираше своето работење во услови на пандемија и реализираше повеќе активности за прибирање средства и обезбедување помош наменета за поддршка на заедницата која претрпе загуби во работењето и приходите поради мерките и ограничувањата воведени од институциите за спречување на ширењето на коронавирусот.

Притоа, СТАР-СТАР во април 2020 година отвори донациски сметки на кои сите граѓани од земјата и странство можеа да донираат средства наменети за помош и поддршка на сексуалните работници. Со средствата прибрани од донации, СТАР-СТАР обезбеди 7 парични ваучери кои беа доделени на сексуални работници во социјален ризик.

Во јуни 2020 година, СТАР-СТАР организираше хуманитарна онлајн аукција „Акција за реакција“, а беше организирана по повод одбележувањето на 2-ри јуни – Меѓународниот ден на сексуалните работници, со цел собирање средства наменети за помош и поддршка на сексуалните работници и нивните семејства, најчесто многудетни и на самохрани мајки. Со оваа активност беа обезбедени 25 парични ваучери и 16 пакети со основни прехранбени и хигиенски производи и дистрибуирани до 36 сексуални работници во Скопје, Гостивар и Струмица.

Со пренамена на организациски средства, дополнително беа обезбедени 34 пакети со основни прехранбени и хигиенски производи кои исто така беа доделени на лица од заедницата за кои беше проценето дека се наоѓаат во социјален ризик. Во насока на намалување на ризикот од коронавирусот, СТАР-СТАР во континуитет дистрибуираше средства за лична заштита на своите вработени, теренските работници и лицата од заедницата со кои доаѓаше во контакт, односно беа поделени над 600 маски за лице, 5,000 пара ракавици и околу 7 литри средства за дезинфекција. За време на Новогодишните празници, СТАР-СТАР подели 25 хуманитарни пакети, 35 новогодишни пакетчиња и 15 парични ваучери на социјално загрозените семејства на сексуалните работници каде единствениот извор на приходи е сексуалната работа, а сексуалните работници не биле во можност да обезбедат приходи. Дополнително, со донација од ХЗ Самарјанска торба – Скопје и Здружението – Љубители на христијанското евангелие на РСМ беа обезбедени и донирани 23 детски пакетчиња на деца од големи семејства и самохрани родители од заедницата на сексуалните работници. Во партнерска соработка со Здружението ХОПС, СТАР-СТАР донираше дополнителни 10 хуманитарни пакети на сексуалните работници кои работат на отворена и затворена сцена.

Во екот на пандемијата, СТАР-СТАР ја согледа потребата од воведување сервис кој ќе нуди услуги од страна на социјален работник и ќе им овозможи остварување на социјалните права на сексуалните работници при справувањето со последиците од пандемијата. Притоа, преку овој сервис беа опфатени 62 различни сексуални работници, кои оствариле 77 посети кај социјалниот работник. Индикаторите за опфат и услуги во рамки на воспоставениот социјален систем за периодот од јули до декември 2020 година се прикажани во табеларниот приказ Таблеа 4.

<table>
<tr><th>Услуги и сервиси од социјален работник при остварување на право на социјална заштита кај сексуални работници</th><th>стационарно</th><th>теренски</th><th>ВКУПНО</th></tr>
<tr><td>Вкупен број опфатени лица од заедницата</td><td>44</td><td>18</td><td>62</td></tr>
<tr><td>Вкупен број одржани смени од социјалниот работник</td><td>35</td><td>4</td><td>39</td></tr>
<tr><td>Информации и советување за остварување права на социјална заштита</td><td colspan="2">73</td><td rowspan="11">242</td></tr>
<tr><td>Упатување до владини институции за остварување права на социјална заштита</td><td colspan="2">40</td></tr>
<tr><td>Информации и советувања за мерки за справување со Ковид 19</td><td colspan="2">17</td></tr>
<tr><td>Информации и советување за остварување здравствена заштита</td><td colspan="2">12</td></tr>
<tr><td>Упатување за остварување здравствена заштита</td><td colspan="2">11</td></tr>
<tr><td>Информации и советувања за АВРМ</td><td colspan="2">18</td></tr>
<tr><td>Упатување во АВРМ</td><td colspan="2">12</td></tr>
<tr><td>Информации и советувања за вадење лични документи</td><td colspan="2">24</td></tr>
<tr><td>Упатување за вадење лични документи</td><td colspan="2">20</td></tr>
<tr><td>Информација за сметување бездомно лице</td><td colspan="2">2</td></tr>
<tr><td>Пополнување образци и документи</td><td colspan="2">13</td></tr>
<tr><td>Вкупен број посети на социјалниот сервис</td><td colspan="3">77</td></tr>
<tr><td>Вкупен број успешно реализирани случаи во остварување право на социјална заштита кај сексуални работници</td><td colspan="3">54</td></tr>
</table>

Табела 4



# ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ

### ПРИЗНАНИЕ ЗА ПАРТНЕРСТВОТО ВО РАЗВОЈОТ НА УСЛУГИТЕ ЗА ХИВ И СРЗ КАЈ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ

Во 2020 година, Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА, во рамки на своето јубилејно одбележување 20 години активизам за социјални, сексуални и репродуктивни права, му додели Признание на СТАР-СТАР за партнерството во развојот на услугите за ХИВ и сексуално и репродуктивно здравје кај сексуалните работници.

Непоколебливиот и борбен дух во унапредувањето на сексуалното и репродуктивно здравје кај младите, присутен помеѓу вработените, членовите и волонтерите на ХЕРА, останува наш партнер и во следната декада.

### СТАР-СТАР И ХЕРА - ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДАТА ОД VIIV HEALTHCARE POSITIVE ACTION CHALLENGE: СЕРВИСИ ЗА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ ОСЛОБОДЕНИ ОД СТИГМА

За време на Меѓународната научна конференција за ХИВ (IAS 2019) која се одржа во главниот град на Мексико од 21-ви до 24-ти јули, 2019, ViiV Healthcare во соработка со Меѓународното здружение за СИДА (IAS) на 23-ти јули ги објави добитниците за доделување грантови за Positive Action Challenge: Сервиси за сексуални работници ослободени од стигма.

Со голема радост ја примивме информацијата дека СТАР-СТАР и ХЕРА во рамки на заедничка иницијатива се добитници на една од трите главни награди во вредност од 75,000 американски долари, заедно со здруженијата HOYMAS од Кенија и PACE SOCIETY од Канада.

Наградите се доделени на СТАР-СТАР и ХЕРА и другите приматели со цел да им се овозможи на заедниците на сексуални работници и давателите на здравствени услуги да работат заедно на спроведување сеопфатни програми за превенција од ХИВ без стигма и дискриминација.

СТАР-СТАР и ХЕРА ја искористија оваа парична награда за зајакнување на програмите наменети за заедницата на мажи сексуални работници и трансродови сексуални работници во Северна Македонија, како и за проширување на постоечките услуги поврзани со ХИВ и сексуално и репродуктивно здравје наменети за сексуални работници.



# ОРГАНОГРАМ


Собрание
Претседател/-ка
Управен одбор
Административно-финансиски/-ска раководител/-ка
Програмски/-ска раководител/-ка
Координатор/-ка за мобилизација, едукација и превенција на терен
Координатор/-ка за комуникации
Регионален/-на координатор/-ка Струмица
Регионален/-на координатор/-ка Гостивар
Програма Скопје
Програма за здравје
Програма за застапување и лобирање
Програма за одржлив развој и градење капацитети на организацијата



# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2010 ДО 2020 ГОДИНА

Во периодот од 2010 до 2020 година, СТАР-СТАР има имплементирано 51 проектен циклус или во просек по 5 проекти годишно. Овие проекти се финансирани од 15 различни донатори и извори на финансирање, од кои некои постојани и повеќегодишни, додека други повремени. Податоците сведочат дека Здружението постигнува значајна разноликост во изворите на финансирање, обезбедувајќи на тој начин одржливост и соодветно следење на програмските потреби и континуираниот организациски раст. Истите се непобитен доказ за нашата цврста заложба за исполнување на Мисијата, Визијата и целите на Здружението на транспарентен начин и отчетно кон заедницата и останатите засегнати страни.

Подетално, изворите на финансирање, уделот на донаторите и Билансот на приходи и расходи го прикажуваме поединечно на графичките прикази подолу:

## УДЕЛ НА ДОНАТОРИТЕ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА СТАР-СТАР ВО ПЕРИОДОТ 2010 - 2020




| | |
|---|---|
| **FOSM** | Foundation Open Society Macedonia<br>Фондација отворено општество Македонија |
| **GFATM** | The Global Fund for Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria<br>Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија |
| **ViiV** | ViiV Healthcare UK Ltd |
| **RUF** | Red Umbrella Fund<br>Фонд на Црвениот Чадор |
| **MoH** | Ministry of Health<br>Министерство за здравство |
| **ECOM** | Eurasian Coalition on Male Health<br>Евроазиска коалиција за машко здравје |
| **ICRSE** | International Committee on the Rights of Sex Workers in Europe<br>Меѓународен комитет за правата на сексуалните работници во Европа |
| **UNFPA** | United Nations Population Fund<br>Фонд за население на Обединетите нации |
| **SWAN** | Sex Worker’s Rights Advocacy Network<br>Мрежа за застапување на правата на сексуалните работници |
| **amfAR** | The Foundation for AIDS Research<br>Фондација за истражување на СИДА |
| **EKHN** | Eurasian Key Populations Health Network<br>Евроазиска мрежа за здравје на клучни популации |
| **GF for woman** | Global Fund for women<br>Глобален фонд за жени |
| **SWARM** | Sex Workers Advocacy and Resistance Movement<br>Движење за застапување и отпор на сексуални работници |
| **NSWP** | Global Network of Sex Work Projects<br>Глобална мрежа на проекти за сексуална работа |
| **OS** | Other Sources<br>Други извори |

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ 2010 - 2020

| | | |
|---|---|---|
| **201** | **РАСХОДИ, МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **10,974,993.00** |
| 202 | потрошени материјали | 2,353,600.00 |
| 203 | потрошена енергија | 922,841.00 |
| 204 | други услуги | 2,916,931.00 |
| 205 | Превозни/транспортни услуги | 270,650.00 |
| 206 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 81,910.00 |
| 207 | амортизација | 312,507.00 |
| 209 | наемнини | 2,408,782.00 |
| 210 | други материјални расходи | 1,707,772.00 |
| **211** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **29,671,324.00** |
| 212 | провизија за платниот промет | 273,759.00 |
| 215 | дневници за службено патување | 49,558.00 |
| 217 | негативни курсни разлики | 81,435.00 |
| 219 | други расходи | 29,266,572.00 |
| **226** | **ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **1,627,973.00** |
| 227 | помошти, донации и други давања на субјекти | 1,627,973.00 |
| **230** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ** | **3,537,757.00** |
| 231 | а) вкалкулирани плати | 2,497,951.00 |
| 232 | б) вкалкулирани надоместоци | 1,039,806.00 |
| 233 | даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 234,231.00 |
| **235** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **46,046,278.00** |
| 236 | остварен нето вишок на приходи - добивка пред оданочување | 8,153,044.00 |
| 237 | даноци, придонеси и други давачки од добивката | 3,872.00 |
| 238 | остварен нето вишок на приходи - добивка по оданочување | 8,149,172.00 |
| 239 | вкупно (235+236) | 54,199,322.00 |
| **240** | **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ** | **73,061.00** |
| 242 | приходи од услуги | 73,061.00 |
| 243 | приходи од камати и позитивни курсни разлики | 52,560.00 |
| 244 | приходи од членарини, подароци, донации и други извори | 46,838,351.00 |
| 247 | други приходи | 13,786.00 |
| 248 | пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 7,221,452.00 |
| 249 | вонредни приходи | 112.00 |
| **250** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **54,199,322.00** |

Сумите под категоријата 236 и 238 претставуваат средства преостанати од тековната година кои се префрлаат во наредната за реализација на предвидените активности.

## РАСТ НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ГОДИНИТЕ 2010-2020

Раст на приходи и расходи 2010-2020[2]




| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| приходи | 0 | 851,506 | 2,054,64 | 3,190,16 | 2,769,80 | 6,037,87 | 5,833,40 | 7,048,77 | 7,204,36 | 10,928,9 | 8,279,80 |
| расходи | 0 | 851,506 | 2,054,64 | 3,190,16 | 2,769,80 | 3,800,64 | 5,160,32 | 6,067,96 | 6,602,37 | 8,199,45 | 7,349,40 |

2 Приходите и расходите се изразени во денари

Раст на приходи и расходи 2010-2020 [3]




| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| приходи | 0 | 13,845.6 | 33,408.8 | 51,872.5 | 45,037.4 | 98,176.8 | 94,852.1 | 114,614. | 117,144. | 177,707. | 134,630. |
| расходи | 0 | 13,845.6 | 33,408.8 | 51,872.5 | 45,037.4 | 61,799.1 | 83,907.6 | 98,666.1 | 107,355. | 133,324. | 119,502. |

3 Приходите и расходите се изразени во евра





# ИДНИ ОПРЕДЕЛБИ И ЗАЛОЖБИ

Како што може да се забележи од информациите и податоците презентирани во овој Извештај, СТАР-СТАР во изминатите десет години навистина постигна многу и успеа значително да го подобри општествениот статус на сексуалните работници во Северна Македонија. Исто така, успеавме да создадеме услови во кои сексуалните работници би можеле побезбедно да работат и да имаат олеснет пристап до здравствени, социјални и правни услуги. Сепак, и покрај одличните резултати и успеси од нашето посветено и упорно работење, нашите Мисија и Визија не се ни приближно остварени – останува уште многу долга и макотрпна работа за да ги оствариме нашите цели и да ја направиме заедницата на сексуални работници рамноправна.

Затоа, сакаме јавно и официјално да се обврземе дека и во иднина ќе продолжиме непоколебливо да се бориме за остварување на нашите стратешки цели. Имено, ќе продолжиме да ги застапуваме правата на сексуалните работници и уште поупорно и поодлучно ќе се залагаме за декриминализација на сексуалната работа. Сите релевантни индикатори недвосмислено укажуваат на фактот дека декриминализацијата е единствениот вистински фактор кој придонесува до создавање безбедни услови за работа на оваа маргинализирана заедница и овозможува работа ослободена од страв од кривичен прогон. Дополнително, со тоа сексуалните работници ќе бидат мотивирани да пријавуваат случаи на насилство или прекршување на нивните права пред надлежните институции, а институциите ќе ги доживуваат како свој партнер и заштитник.

Понатаму, увидовме дека е подеднакво важно да се развие и подготви законска рамка, во консултација со правни експерти и со заедницата, преку која сексуалната работа ќе биде препознаена како работа. Доколку успееме да испорачаме ваков исход, нашата заедница ќе може да ги остварува своите трудови и работнички права и во тој случај сексуалната работа ќе биде работа како и секоја друга во буквална смисла.

Конечно, она што го сфативме и научивме од ненадејното појавување на КОВИД-19 пандемијата и несогледливите негативни последици од истата е дека секогаш треба да останеме подготвени, адаптибилни, флексибилни и креативни за да бидеме во можност да одговориме на потребите на нашата ранлива заедница. Прилагодувањето на новонастанати околности е секогаш од исклучителна важност затоа што сексуалните работници како по правило секогаш се или заборавени или некаде најдолу на приоритетната листа кога ќе се случат вакви масовни и колективни несреќи. Затоа, СТАР-СТАР останува подготвен да одговори на било каков предизвик, да подаде рака, да го ублажи падот и да го покаже патот.

**Секогаш тука за сексуалните работници!**


A DECADE OF SEX WORKERS' RAISED VOICES, TRANSPARENCY AND ACCOUNTABILITY
A TEN-YEAR REPORT

A TEN-YEAR REPORT
ON THE PROGRAMS, ACTIVITIES AND THE FINANCIAL WORK OF
THE ASSOCIATION FOR SUPPORT OF MARGINALIZED WORKERS
STAR-STAR Skopje for the period between 2010 and 2020
May 2021

# A DECADE OF SEX WORKERS' RAISED VOICES, TRANSPARENCY AND ACCOUNTABILITY

STAR

THE FIRST SEX WORKERS COLLECTIVE IN THE BALKANS

# IMPRESSUM

**Publisher:**
Association for Support of Marginalized Workers STAR-STAR Skopje

**About the Publisher:**
Borche Bozhinov, President of the Association

**Editorial Board:**
Borche Bozhinov, Editor in Chief
Nenad Micov, Deputy Editor
Lila Milikj, Contributor
Oliver Belchovski, Contributor

**Proofreading and translation:**
Bojan Ilkovski

**Graphic Design:**
Igor Stojanovski

**Issue:**
I – May 2021

# CONTENTS

**INTRODUCTORY REMARKS** ........ 78
ACKNOWLEDGMENTS ........ 80
SPECIAL ACKNOWLEDGMENTS ........ 80
**ORGANIZATION'S HISTORY** ........ 82
VISION AND MISSION ........ 84
MEMBERSHIPS AND PARTNERSHIPS ........ 85
**KEY ACHIEVEMENTS** ........ 86
KEY ACHIEVEMENTS IN THE ORGANIZATION'S MISSION ........ 87
KEY ACHIEVEMENTS IN THE STRATEGIC AREAS OF ACTION ........ 88
**REALIZATION OF STRATEGIC DIRECTIONS AND GOALS** ........ 92
STRATEGIC DIRECTION I. Advocacy and lobbying for the betterment of the social environment and sex workers' human rights ........ 93
STRATEGIC DIRECTION II. Sexual and reproductive health and rights ........ 107
STRATEGIC DIRECTION III. Sustainable development and capacity building ........ 117
**DEALING WITH THE CONSEQUENCES OF THE COVID-19 PANDEMIC** ........ 126
**ACKNOWLEDGMENTS AND AWARDS** ........ 130
**ORGANOGRAM** ........ 132
**FINANCIAL REPORTING** ........ 134
SOURCES OF FINANCES IN THE PERIOD BETWEEN 2010 AND 2020 ........ 135
REVENUES AND EXPENSES BALANCE FOR THE PERIOD BETWEEN 2010 AND 2020 ........ 138
GROWTH OF REVENUES AND EXPENSES FOR THE PERIOD BETWEEN 2010 AND 2020 ........ 139
**FUTURE ORIENTATION AND COMMITMENTS** ........ 142



# INTRODUCTORY REMARKS



**PRESIDENT of the ASSEMBLY**
Borche M. Bozhinov



**PRESIDENT of the MANAGEMENT BOARD**
Lila Milikj

Dear Members and Comrades,

Dear Colleagues, Partners, Supporters and Associates,

